# УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА

**Упатството за употреба содржи:**

1.Што претставува **Oligogal® Zn + vitamin C/ Олигогал® Zn + витамин Ц** и за што се употребува
2.Што мора да знаете, пред да го земете/ употребите **Oligogal® Zn + vitamin C/ Олигогал® Zn + витамин Ц**
3.Како да го земате/ употребувате **Oligogal® Zn + vitamin C/ Олигогал® Zn + витамин Ц**
4.Можни несакани дејства(реакции)
5.Чување и рок на употреба на **Oligogal® Zn + vitamin C/ Олигогал® Zn + витамин Ц**
6.Дополнителни податоци за граничен производ

**OLIGOGAL® Zn + vitamin C / ОЛИГОГАЛ ® Zn + витамин Ц**
**капсула**
Дополнителен извор на цинк и витамин Ц

**1. Што претставува Oligogal® Zn + vitamin C/ Олигогал® Zn + витамин Ц и за што се употребува**

Цинкот има значајна улога како активна состојка кај голем број на ензими кои учествуваат во метаболизмот на белковините,јаглените хидрати и мастите. Неопходен е и за создавање на хормонот инсулин како и за работата на имунолошкиот систем. Потребен е и за раст, делба и созревање на клетките. Цинкот има поволно дејство на функцијата и органите на репродуктивниот систем (јајници,простата) како и на растот на коските.

Витаминот Ц и цинкот се јаки антиоксиданси кои можат да ги заштитат клетките и ткивата од оштетувањата настанати како последица на нападите на слободните радикали. Антиоксидативните својства на цинкот и витаминот Ц можат да допринесат за зајакнување на имунитетот, отпорноста и за подобра општа состојба на организмот.

Цинкот и витаминот Ц можат да ја подобрат и состојбата на слузницата и со тоа да ја зголемат и нивната потенцијална отпорност на надворешните причинители кои доведуваат до појава на кивање и настинка.

Се препорачува земање на капсулите **Oligogal® Zn + vitamin C/ Олигогал® Zn + витамин Ц** веднаш на почетокот на настинката или кивањето со што може да се ублажи нивната јачина и траење, да се зголеми отпорноста и подобри имунитетот.

Цинк допринесува за нормална функција на имуниот систем.
Цинк допринесува за одржување на нормален вид.
Цинк допринесува за нормална плодност и репродукција.

**2.Што мора да знаете пред да го земете/употребите Oligogal® Zn + vitamin C/ Олигогал® Zn + витамин Ц**

**Немојте да го земате/употребувате Oligogal® Zn + vitamin C/ Олигогал® Zn + витамин Ц:**

**Oligogal® Zn + vitamin C/ Олигогал® Zn + витамин Ц** капсулите не смеат да ги користат лица пречувствителни на било која состојка на производот.

**Бидете посебно внимателни со Oligogal® Se/Олигогал® Se**

Производот не е наменет за деца под 6 години.

**Oligogal® Zn + vitamin C/ Олигогал® Zn + витамин Ц** капсулите не треба да се земаат истовремено со диететски производи кои содржат калциум, железо и/или бакар. Овие производи и **Oligogal® Zn + vitamin C/ Олигогал® Zn + витамин Ц** капсулите треба да се користат во растојание од најмалку 2 часа.

Бојата Е 104 може неповолно да влијае на активноста и концентрацијата кај децата.

**Бременост и доење**

Советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт пред да го земете производот.

Ако сте бремени,планирате бременост или доите,пред да почнете да го земате граничниот производ ,посоветувајте се со својот лекар или фармацевт.

**Влијание врз психофизички способности**

Примената на **Oligogal® Zn + vitamin C/ Олигогал® Zn + витамин Ц** не влијае на способноста за ракување со моторни возила и машини.

**Важни информации за некои ингридиенти на Oligogal® Zn + vitamin C/ Олигогал® Zn + витамин Ц**

Бојата Е 104 може неповолно да влијае на активноста и концентрацијата кај децата.

**Земање/употреба на други медицински производи**

Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт ако земате,или ако неодамна сте земале било кој друг лек, дури и оние кои не се на лекарски рецепт.

Цинкот може да го намали терапевтскиот ефект на тетрациклините (на пример доксициклин) и хинолоните (ципрофлоксацин).

За да се избегнат интеракции помеѓу лековите и цинкот, **Oligogal® Zn + vitamin C/ Олигогал® Zn + витамин Ц** капсулите треба да се земаат најмалку 2 часа, пред или после користење на наведените лекови.

**3.Како да го земате/употребувате Oligogal® Zn + vitamin C/ Олигогал® Zn + витамин Ц**

Возрасни: 1 капсула дневно.

Препорачаната дневна доза не смее да се надмине.

Граничните производи не може да се користат како замена за разновидна исхрана.

AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKESORE SHKUP АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА СКОПЈЕ

**4.Можни несакани дејства (реакции) на Oligogal® Zn + vitamin C/ Олигогал® Zn + витамин Ц**
Ако приметите било какви несакани дејства,Ве молиме да го информирате Вашиот лекар или фармацевт.

**5.Чување и рок на употреба на Oligogal® Zn + vitamin C/ Олигогал® Zn + витамин Ц**
Да се чува на температура до 25°C во оригиналното пакување, на суво и темно место.
Да се чува надвор од дофат на деца.

**Рок на употреба**
Не смее да се употребува по датумот на истекот на рокот на употреба што е наведен на пакувањето.

**6.Дополнителни податоци за граничен производ**
**Состав на граничен производ**

| Состав | 1 капсула | 100 g производ | %НРВ* |
|---|---|---|---|
| Цинк | 15 mg | 7,9 g | 150 |
| Витамин Ц | 60 mg | 31,6 g | 75 |

*НРВ- нутритивна референтна вредност

Состојки:L-аскорбинска киселина, цинк ацетат, желатин, пченкарен скроб, стабилизатор: магнезиум стеарат, боја: E171, средство против згрутчување: силициум диоксид, боја E 132, E 104.

**Изглед на граничен производ и пакување**
Тврди, непровидни, желатински капсули N°3, со тело и капа со светло-зелена боја, полнети со прашок со белузлава боја.
Кутија со упатство и 3 блистери(Al/PVC-PVC) со по 10 капсули.

**Носител на одобрение за ставање на граничен производ во промет:**
ГАЛЕНИКА ДООЕЛ Скопје, 1000 Скопје,Р.С. Македонија,
Бул.Кочо Рацин 14

**Производител:**
Галеника а.д. Београд , Батајнички друм б.б., 11 080 Белград, Република Србија

**Број и датум на упис во Регистарот на гранични производи:**